*Одделение за урбанизам*

МКС EN ISO

ОПШТИНА БЕРОВО
Димитар Влахов 10
2330 Берово

тел. 033/471-057
лок. 107

so.berovo@t-home.mk
www.berovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА БЕРОВО**
*Комисија за урбанизам*
**Уп.1.20-86**
од **15.04.2024** год.
**Б Е Р О В О**

Врз основа на член 62, став 2 и 10, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 32/20 и 111/23), член 22 став 1 точка 1, член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а врз основа на Предлог Мислењето од Комисијата за урбанизам при Општина Берово, со бр. Уп.1.20-86 од 28.03.2024 год, во постапката за Одобрување на Урбанистичкиот проект, Градоначалникот на Општина Берово, донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е

***за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за инфраструктура за каблирање на дел од надземен 10 КВ ВОД – извод Пехчево од ТС 110/35/10 КВ Берово, КО Берово вон град, Општина Берово***

1. **СЕ ОДОБРУВА: Урбанистички проект за инфраструктура за каблирање на дел од надземен 10 КВ ВОД – извод Пехчево од ТС 110/35/10 КВ Берово, КО Берово вон-град, Општина Берово,** со **Тех. бр. У-69/23,** изработен од **"СТУДИО АТРИУМ" ДОО Штип,** со Стручна ревизија со **Тех. бр. 31/2024 од Јануари 2024,** изработена од **ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје.**
2. Урбанистичкиот проект со Тех. бр. У-69/23, станува основа за изработка на техничка документација при издавање на Одобрение за градба.
3. Оваа решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во „Службен гласник" на Општина Берово.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Берово, преку електронскиот систем за Е-Урбанизам, од страна на "СТУДИО АТРИУМ" ДОО Штип, како полномошник на инвеститорот: ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Делчево е поднесено барање за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за инфраструктура за каблирање на дел од надземен 10 КВ ВОД – извод Пехчево од ТС 110/35/10 КВ Берово, КО Берово вон-град, Општина Берово, архивирано во Општина Берово со бр. Уп.1.20-278 од 15.12.2023 год.

Со барањето за одобрување на Урбанистичкиот проект, е приложено: Проектна програма за изработка на урбанистички проект за инфраструктура за каблирање на дел од надземен 10 КВ ВОД – извод Пехчево од ТС 110/35/10 КВ Берово, КО Берово вон град, Општина Берово со бр. ПП-У-59/23, Ажурирана геодетска подлога бр. 08-477/4 со електронска заверка на Геодетскиот елаборат од АКН на РСМ со бр. 1110-22/2023, Услови за планирање на просторот со бр. Y43523 и Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15.2110/2023, Полномошно за водење на постапка преку системот на Е- Урбанизам, на "СТУДИО АТРИУМ" ДОО Штип, со бр.

03-6/1, заверено на Нотар Богданка Димитровска од Делчево, со бр. УЗП 704/2023 и Извршена стручна ревизија изработена од "ИН-ПУМА" Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, со Тех. бр. 31/2024 од Јануари 2024.

По спроведената законски предвидената постапка на ден 28.03.2024 година, Планската документација беше проверена од Комисијата за урбанизам при Општина Берово, и согласно член 62, став 10, од Законот за урбанистичко планирање, истата изготви Извештај за Мислење по предлог Урбанистичкиот проект, со кој го Одобрува доставениот „УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за инфраструктура за каблирање на дел од надземен 10 КВ ВОД – извод Пехчево од ТС 110/35/10 КВ Берово, КО Берово вон град, Општина Берово ", со Тех. бр. У-69/23 од Февруари 2024, изработена од ДГАПИД "СТУДИО АТРИУМ" ДОО Штип, и предлага на Градоначалникот да го одобри со Решение.

Доставениот предлог Урбанистички проект, е изработен согласно потребите на инвеститорот за опфатот за кој се прави измената, а во однос на согледувањето на степенот на усогласеноста на планот, истиот е усогласен со стандардите и нормативите за проектирање и урбанистичко планирање од член 62, став 2 и 10, од Законот за урбанистичко планирање, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање, како и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, во однос на соджината и начинот на изработка на Планската документација.

Решавајќи по Барањето на Проектантската фирма "СТУДИО АТРИУМ" ДОО Штип, како полномошник на инвеститорот: ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ Делчево за одобрување на планската документација, а врз основа на дадениот предлог од Комисијата, со бр. Уп.1.20-86 од 28.03.2024 год, Градоначалникот на Општина Берово, одлучи како во диспозиривот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

*Изготвил/Одобрил:*
*Догазански Мишо, дги*

**ОПШТИНА БЕРОВО**
Градоначалник:
**ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БЕРОВО